**20130531210**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Врз основа на член 57 став 2 од Законот за туристичката дејност (“Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08,12/09,17/11, 47/11, 53/11 и 123/12), министерот за економија донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ, ВИДОТ И ВИСИНАТА НА СУБВЕНЦИИТЕ

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот, видот и висината на субвенциите на странскиот организиран туристички промет.

Член 2

(1) Со цел поттикнување на надворешниот организиран туристички промет, туроператори и туристички агенции (во понатамошен текст: организатори) можат да остварат субвенции за престој на странски туристи во Република Македонија на дел од трошоците за остварен организиран туристички воздушен, патен и железнички превоз во тековната година (во натамошниот текст субвенции).

(2) Под туроопертори и туристички агенции од став (1) од овој член не се сметаат субјектите од член 6 од Законот за туристичка дејност.

Член 3

(1) Субвенција можат да остварат организатори на пакет аранжмани за странски туристи (во понатамошниот текст:Програма ) која вклучува:

- Престој во Македонија со најмалку остварени три ноќевања со доручек, во сите сместувачки капацитети во кој професионално се нудат угостителски услуги (во понатамошниот текст: категоризирани сместувачки објекти), освен за сместување кај издавачите на соби и апартмани кои немаат пријавено вршење на туристичка дејност и немаат категоризација на истите;
- Организиран групен превоз, со посебно закупени автобуси, авиони или закупени минимум десет места во воз од местото на поаѓање на групата до местото на користење на услугата во сместувачкиот објект и враќање на групата на иста релација (возењето со автобус,авион и воз за време на престојот во Македонија не се вклучени );
- Организиран групен превоз на редовни авионски линии или редовен железнички и автобуски сообраќај со доаѓање и враќање на групата ( најмалку десет лица во група );
- Комбинирана тура - организиран групен превоз во комбинација со две превозни средства како главни превозни средства (авион, автобус или воз ) при што, превозното средство во доаѓање на одредената дестинација се смета за главно и за него се поднесува барање и
- Кружни тури (со минимум едно ноќевање во трета земја) кои се организираат во земјите од регионот ( најмалку десет лица во група ) со организиран превоз при поаѓање и заминување на авион, автобус или воз доколку се остварат најмалку две ноќевања со услуга, ноќевање со доручек во Република Македонија.

(2) Ако повеќе организатори на патувањето користат исто превозно средство целосно закупено, барање за субвенција може да поднесе организаторот кој е закупопримач, со тоа што ќе поднесе целосна документација од сите организатори.

(3) По исклучок од став (3) на овој член барање за субвенција може да поднесе посебно секој организатор со писмена согласност од организаторот кој го закупил целосно превозното средство.

## БАРАЊЕ И ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА СУБВЕНЦИИ ЗА ОДДЕЛЕН ВИД НА ПРЕВОЗ

### Член 4

За добивање на субвенции од член 2 на овој правилник, организаторите доставуваат :

1) За автобуски превоз:

- Барање за субвенција за програмата за одмор во странскиот патнички автобуски туристички промет на Образец СУ -1 кој е даден во Прилог 1 и е составен дел на овој правилник;
- Копија од договорот со автобускиот превозник,копија од патниот налог за посебен автобуски превоз или сметка или фотокопија од сметката на превозникот од кои се видливи податоците за: местото на поаѓање и пристигнување на групата, бројот на седишта во автобусот, датата на извршениот превоз и остварениот број километри и
- интербус листа со видливи податоци за странските туристи и граничните премини.

2) За авионски превоз :

- Барање за субвенција за програмата за одмор во странскиот воздушен туристички промет на Образец СУ-2 кој е даден во Прилог 2 и е составен дел на овој правилник;
- Копија од договор со авионскиот превозник за закуп на авион од која се видливи податоците за: број на седишта во авионот, место на поаѓање и слетување на авионот, број на планирани летови;
- Копија од дневниот извештај за летовите на домашните аеродроми како и потврда за извршено доаѓање на чартер летови;
- Копија на договор или понуда од авиопревозникот или сметка или фотокопија од сметката од авионскиот превозник или копија од авионската карта кај редовните линии и
- листа на летање со обележани странски туристи и прецизно одредување на сместувачкиот капацитет, за кои се поднесува барањето за субвенција.

3) За железничкиот превоз:

- Барање за субвенција на програмата за одмор во странскиот железнички туристички промет на Образец СУ-5 кој е кој е даден во Прилог 5 и е составен дел на овој правилник и
- Копија од договорот со железница за закуп на вагон.

4) За комбинирани тури во Македонија и кружни тури во регионот :

- Барање за субвенција за комбинирани тури и кружни тури во регионот на Образец СУ-6 кој е даден во Прилог 6 и е составен дел на овој правилник;
- Копија од групата за која се однесува барањето;
- Копија на договорот со македонска туристичка агенција или потврда за тура од странска агенција со македонска туристичка агенција од каде треба да се види, дали македонска туристичка агенција работи во име и за сметка на странската агенција или е организатор кој продава програма на странската агенција и
- интербус листа со видливи податоци за странските туристи и граничните премини.

Член 5

Организаторите кои бараат да добијат субвенции, до Агенцијата за промоција и подршка на туризмот во Република Македонија, освен барањето и документацијата за секој одделен вид на превоз согласно член 4 на овој правилник, ја доставуваат и следната документација:

- Копија од договор за закуп на капацитети со трговското друштво кое работи како сместувачки објект и кои имаат услуга најмалку ноќевање со доручек;
- Ако сместувачките објекти се закупени од македонските туристички агенции потребно е да се достават: копија од договор помеѓу македонските туристички агенции и сместувачкиот објект како и договор помеѓу македонските туристички агенции со угостителските објекти во кои се дава услугата, сметките од наведениот угостителски објект за извршена услуга исхрана од кои јасно се гледаат податоците за датумот, количината и видот на извршените услуги;
- Заверената листа на странски туристи и потврдата за извршеното плаќање на сместувачкиот објект или македонските патнички агенции од кои се закупени капацитетите за користените услуги на образец СУ-3 кој е даден во Прилог 3 и е составен дел на овој правилник;
- За секоја група потребно е да приложи и доказ за платена туристичка такса (извод или вирман) заверен од сместувачките објекти, на образец СУ-4 кој е даден во Прилог 4 и е составен дел на овој правилник, а за странските туристи за кое сместувањето е закупено од македонска туристичка агенција во сместувачки објекти од типот на соба и апартмани од физички лица, Образецот СУ-4 кој треба да биде заверен од туристичкото биро/туристичка агенција во местото каде што туристите престојувале (доколку постои);
- Кај поголемите програми за авионски и патнички превоз наместо заверена листа на странски туристи се доставува листа на летање или хотелска листа заверена од страна на сместувачкиот објект или македонска туристичка агенција, за што се доставува доказ дека сите обврски се подмирени, заверен вирман и копија од банкарски извод и
- Извод од банка за девизниот прилив за странските туроператори, агенции или организатори на патувањето по извршената уплата .

НАЧИН НА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ

Член 6

(1) Рокови за поднесување на барањата за добивање на субвенција кои се поднесуваат до Агенцијата за промоција и подршка на туризмот во Република Македонија се:

- 60 дена од заминување на групата за сите видови барања за периодот од 01.01. до 30.09. во тековната година и
- 30 дена од заминување на групата за сите видови барања за периодот од 01.10. до 31.12. во тековната година.

(2) За барањата кои се доставени со непотполна документација, органот кој ја води постапката, до барателот доставува известување со определување на рок за дополнување на барањето и доколку странката не постапи согласно известувањето барањето се одбива.

(3) Барањата кои се доставени по истекот на роковите од став (1) од овој член се одбиваат.

ОПФАТ И ПЕРИОД НА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ

Член 7

Субвенцијата се применува за сите програми од член 3 на овој правилник и реализирани поаѓања за:

а) цел период на изведба на програмата и
б) за кружни тури во текот на целата година.

## ВИСИНА НА СУБВЕНЦИИ ЗА АВТОБУСКИ ПРЕВОЗ

### Член 8

(1) Субвенцијата може да се оствари само за однапред закупен автобус за реализација на програмата од член 3 на ова упатство и тоа за:

а) Албанија, Бугарија, Србија, Косово, Грција, Црна Гора, Босна и Херцеговина:
- 10 Евра во денарска противвредност по странски турист

б) Турција, Романија, Унгарија, Словенија, Хрватска:
- 15 Евра во денарска противвредност по странски турист

в) Сите останати земји:
- 20 Евра во денарска противвредност по странски турист

(2) За доставното возење, празното возење од местото на поаѓање на групата и возењето за време на престојот во дестинацијата, не се добиваат субвенции .

(3) Субвенција не може да се добие за автобуски трансфери од аеродромите до сместувачките објекти.

## ВИСИНА НА СУБВЕНЦИИ ЗА ВОЗДУШЕН ПРЕВОЗ

### Член 9

(1). Субвенција за авионскиот превоз по остварен странски турист организаторот може да добие со закуп на авион во целост, дел од авионот или за најмалку десет странски туристи кои сообраќаат на редовна авионска линија.

(2). Висината на субвенцијата по пристигнат странски турист изнесува:

а) од европски дестинации, освен за земјите од Бенелукс, Финска, Норвешка, Данска, Шведска, Русија и Украина 25 Евра во денарска противвредност

б) за земјите од Бенелукс ( Белгија, Холандија, Луксембург), Финска, Норвешка, Данска, Шведска, Русија, Украина, Обединети Арапски Емирати и Јапонија висината на субвеницијата изнесува 65 евра во денарска противвредност и

б) од интерконтинентални дестинации ( Северна и Јужна Америка, Австралија и далечен Исток) 45 Евра во денарска противвредност.

## ВИСИНА НА СУБВЕНЦИИ ЗА ЧАРТЕР ПРЕВОЗ

### Член 10

(1) За аранжманите по програмите од член 3 на овој правилник, за чартери, субвенцијата изнесува 25 евра во денарска противвредност по донесен странски турист за сите воздухопловни пристаништа во Република Македонија.

(2) По исклучок од став (1) од овој член, за земјите од Бенелукс (Белгија, Холандија, Луксембург), Финска, Норвешка, Данска, Шведска, Русија, Украина, Обединети Арапски Емирати и Јапонија висината на субвеницијата изнесува 65 евра во денарска противвредност.

(3) За чартер ланецот по исклучок од став (1) на овој член може да се одобри, превозот на првата група при доагање односно последната група при одење, агенцијата да може да го организира со друго превозно средство, при што за таа група се добива субвенција во износ од 15 евра во денарска противвредност по реализиран странски турист.

(4) Субвенцијата за чартер се добива и за странски туристи кои имаат организиран престој во сместувачки објекти најмалку три дена со услуга ноќевање со доручек.

(5) Субвенција за чартер можат да добијат само организатори кои чартерот ке го организираат на сопствен ризик. Ако чартерот го организира странска воздухопливна компанија на сопствен ризик, а организаторите на патувањата закупат дел од чартерот, субвенција може да добијат само доколку за закупените минимум десет места има пакет аранжман со минимум престој три дена на услуга ноќевање со појадок, а нема да може да добие воздухопловната компанија.

(6) Ако повеќе организатори користат ист чартер авион, барање за субвенција поднесува организаторот закупоприматеl со целокупна документација од сите организатори.

(7) По исклучок од став (5) на овој член, барање за субвенција може да поднесе секој организатор посебно со писмена согласност на организаторот кој го закупил чартерот во целост.

(8) Барање за субвенција се поднесува за секоја дестинација/аеродром и секој лет. Во случај на неможност за слетување на договорениот аеродром од технички или други оправдани причини, ќе се признае слетување на најблискиот аеродром со доказ за причините за промена на аеродромот. За последен празен лет не може да се добие субвенција.

## ВИСИНА НА СУБВЕНЦИИ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКИ ПРЕВОЗ

### Член 11

(1) За железничкиот превоз висината на субвенцијата изнесува 15 евра во денарска противвредност по донесен странски турист.

(2) Субвенција може да се добие за закупен цел воз (чартер), закупен вагон или минимум закупени десет места на редовна линија на возот. Барањата за субвенции се поднесуваат за секое одредиште и секое возење.

(3) Субвенција може да се добие и за автобуските трансфери од железничката станица до сместувачкиот капацитет доколку сместувачкиот капацитет е во град во кој нема железничка станица.

## ВИСИНА НА СУБВЕНЦИИ ЗА КОМБИНИРАН ПРЕВОЗ

### Член 12

(1) За комбинираните тури кои опфаќаат авионски превоз при доагање во дестинацијата, висината на субвенцијата изнесува 15 евра во денарска противвредност по донесен странски турист.

(2) За комбинираните тури кои опфаќаат автобуски превоз при доагање во дестинацијата, висината на субвенцијата изнесува 10 евра во денарска противвредност по донесен странски турист .

## ВИСИНА НА СУБВЕНЦИИ ЗА КРУЖНИ ТУРИ ВО РЕГИОНОТ

### Член 13

(1) Организаторот може да добие субвенција за организирани групни (минимум десет лица во група) кружни тури во регионот за странски туристи кои во Република Македонија доаѓаат со автобус или авион, односно во Република Македонија ке остварат најмалку две ноќевања со доручек на кружните тури со престој во Република Македонија.

Кружните тури во регионот треба да опфатат најмалку едно нокевање во друга земја во регионот.

(2) Висината на субвенцијата од став (1) на овој член  изнесува 15 Евра во денарска противвредност  по донесен странски турист.

(3) За кружните тури организаторот не може да добие субвенција по друг  основ од овој правилник.

## ИСПЛАТА  НА СУБВЕНЦИИТЕ

### Член 14

Субвенцијата се пресметува во денари. По одбивањето на банкарските трошоци, Агенцијата за промоција и подршка на туризмот во Република Македонија, пресметаниот денарски износ на субвенцијата ја уплаќа на организаторот на сметката во странство во националната валута во земјата во која организаторот има седиште, односно по налог на организаторот.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 15

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Упатството за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет  (“Службен весник  на Република Македонија” бр. 21/10, 2/11 и 14/12).

### Член 16

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 13-2083/3
5 април 2013 година
Скопје

Министер,
**Ваљон  Сараќини,** с.р.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

ПРИЛОГ 1

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Образец СУ - 1

**БАРАЊЕ ЗА СУБВЕНЦИЈА ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ОДМОР ВО СТРАНСКИОТ ПАТНИЧКИ АВТОБУСКИ ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ**

Бр.________

1. Име и седиште на агенцијата ________________________________

________________________________________________________

2. Име и седиште на сместувачкиот објект во кој организирано се упатуваат туристи ________________________________________

________________________________________________________

3. Место на поаѓање на групата ________________________________

4. Дата а) поаѓање на групата

________________________________________________________

б) враќање на групата

________________________________________________________

5. Времетраење на престојот на групата во туристичкото место ________________________________

6. Име и седиште на превозникот

________________________________________________________

7. Регистарски број на автобусот ________________________________

8. Вкупен број на седишта во автобусот __________________________

9. Вкупен број на туристи во групата ____________________________

10. Износ на бараната субвенција:

Од која држава доаѓаат туристите ______________________________

Број на туристите _________х _________ден =________________________ ден

11. Име и седиште на банката и број на сметката на агенцијата

________________________________________________________

________________________________________________________

**Прилог:** Копија од договорот за закуп со превозникот,копија од патниот налог за посебен автобуски превоз или фотокопија од сметката на превозникот од кои се видливи податоците за : место на поагање и пристигнување на групата,бројот на седишта во автобусот, датата на извршениот превоз и остварениот број километри, извод за платена ф-ра на превозникот.

______________________
МЕСТО И ДАТА НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО

______________________
ПЕЧАТ И ПОТПИС НА БАРАТЕЛОТ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ПРИЛОГ 2

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**Образец СУ – 2**

**БАРАЊЕ ЗА СУБВЕНЦИЈА ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ОДМОР ВО СТРАНСКИОТ ВОЗДУШЕН ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ**

БР. ________

1.Име и седиште на агенцијата

______________________________________________________________

2. Име и седиште на сместувачкиот објект во кој организирано се упатуваат туристи

______________________________________________________________

3. Место на полетување ____________________________________________

4. Место на слетување _____________________________________________

5. Број на летот и датум
а) поаѓање на групата _____________________________________________

б) враќање на групата _____________________________________________

6. Времетрање на престојот на групата во туристичкото место

__________________________________________________________

7. Име и седиште на воздушниот превозник

__________________________________________________________

8. Вид на авионот и договорен број на седишта

- чартер летови ____________________________________________

- редовни линии ____________________________________________

9. Број на патници во групата __________________________________

10. Износ на бараната субвенција ______________________________

а) број на остварени патници во воздушниот превоз со чартер линија

____________________ x __________ ден = ________________ ден

б) број на остварени патници при редовна линија

__________________ x ____________ ден = ______________ ден

11. Име и седиште на банката и број на сметка на агенцијата

________________________________________________

**Прилог:**

-Кај целосен закуп на авионот копија од договор со авионскиот превозник од кој се видливи податоците за: место на поаѓање и слетување на авионот,број на седишта во авионот, број на планирани летови (со првото барање);

-Копија од дневниот извештај за летовите на домашните аеродроми како и потврда за извршено доаѓање на чартер летови;

-Кај редовните линии копија од договор или понуда од авиопревозникот или сметка или копија од сметка од авиопревозникот или копија од авионската карта.

МЕСТО И ДАТА НА ПОДНЕСУВАЊЕ
НА БАРАЊЕТО

ПЕЧАТ И ПОТПИС
НА БАРАТЕЛОТ

ПРИЛОГ 3

**Образец СУ – 3**

**ПОТВРДА**

Со која се потврдува дека туристичката агенција ________________________

ја подмирила обврската за давање услуги од Програмата врз основа на

________________услугата за број на гости________________ према

долунаведениот попис, кои престојувале во сместувачкиот објект

______________________________________________________ во

периодот од __________20 ___ год. до ___________ 20 ____ год.

Попис на гости

1. ________________________________________________________ 31. ____________________________________________________________

2. ________________________________________________________ 32. ____________________________________________________________

3. ________________________________________________________ 33. ____________________________________________________________

4. ________________________________________________________ 34. ____________________________________________________________

5. ________________________________________________________ 35. ____________________________________________________________

6. ________________________________________________________ 36. ____________________________________________________________

7. ________________________________________________________ 37. ____________________________________________________________

8. ________________________________________________________ 38. ____________________________________________________________

9. ________________________________________________________ 39. ____________________________________________________________

10. ________________________________________________________ 40. ____________________________________________________________

11. ________________________________________________________ 41. ____________________________________________________________

12. ________________________________________________________ 42. ____________________________________________________________

13. ________________________________________________________ 43. ____________________________________________________________

14. ______________________________ 44. ______________________________

15. ______________________________ 45. ______________________________

16. ______________________________ 46. ______________________________

17. ______________________________ 47. ______________________________

18. ______________________________ 48. ______________________________

19. ______________________________ 49. ______________________________

20. ______________________________ 50. ______________________________

21. ______________________________ 51. ______________________________

22. ______________________________ 52. ______________________________

23. ______________________________ 53. ______________________________

24. ______________________________ 54. ______________________________

25. ______________________________ 55. ______________________________

26. ______________________________ 56. ______________________________

27. ______________________________ 57. ______________________________

28. ______________________________ 58. ______________________________

29. ______________________________ 59. ______________________________

30. ______________________________ 60.

| | |
|---|---|
| ____________ | ____________________ |
| МЕСТО И ДАТА | ПЕЧАТ НА СМЕТУВАЧКИОТ КАПАЦИТЕТ<br>И ПОТПИС НА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ |

ПРИЛОГ 4

**Образец СУ – 4**

**ПОТВРДА**

Туристичкото биро (друга институција) ________________________________________

Потврдува дека за гостите сместени во објектите од типот соби и апартмани е извршена пријава на престојот и е платена такса за привремен престој.

Попис на гости

1. ______________________________________________ 8. ______________________________________________

2. ______________________________________________ 9. ______________________________________________

3. ______________________________________________ 10. ______________________________________________

4. ______________________________________________ 11. ______________________________________________

5. ______________________________________________ 12. ______________________________________________

6. ______________________________________________ 13. ______________________________________________

7. ______________________________________________ 14.

______________ ____________________

МЕСТО И ДАТА ПЕЧАТ НА ТУРИСТИЧКОТО БИРО<br>ПОТПИС НА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ

______________________________________________

- Под сместувачки објекти се сметаат сите сместувачки објекти кои се категоризирани и регистрирани за комерцијално работење.
- Ако изнајмувањето на капацитетот, со најмалку услуга ноќевање со доручек, е извршено преку македонска туристичка агенција истата го заверува образецот СУ – 4
- За гостите за кои сместувањето е закупено од македонска туристичка агенција, во сместувачки објекти од типот соба или апартман,заверка на пријавениот престој и плакање на туристичката такса за гостите од листата врши и туристичкото биро во местото каде што туристите престојувале.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ПРИЛОГ 5

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**Образец СУ – 5**

**БАРАЊЕ ЗА СУБВЕНЦИЈА ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ОДМОР ВО СТРАНСКИОТ ЖЕЛЕЗНИЧКИ ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ**

Бр.________

1. Име и седиште на Агенцијата ________________________________

________________________________________________

2. Име и седиште на сместувачкиот објект во кој организирано се упатуваат туристи ____________________________________

________________________________________________

3. Место на поаѓање на групата ________________________________

4. Дата и време на а) поаѓање на групата ________________________________

б) враќање на групата ________________________________

5. Место на доагање на групата ________________________________

6. Времетраење на престојот на групата во туристичкото место ________________________________

7. Вкупен број на туристи во групата ________________________________

11. Износ на бараната субвенција за железнички превоз

Остварен број на туристи ______________ x __________ ден =

____________________ ден

12. Име и седиште на банката и број на сметката на агенцијата

________________________________________________

________________________________________________

**Прилог:** Копија од договорот со железница за закуп на вагон или фотокопија од сметката на железничкиот превоз од кои се видливи податоците за: место на поаѓање и пристигнување на групата,бројот на седишта во вагонот и датата на извршениот превоз.

________________________ ________________________

МЕСТО И ДАТА НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО

ПЕЧАТ И ПОТПИС НА БАРАТЕЛОТ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ПРИЛОГ 6

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**Образец СУ – 6**

**БАРАЊЕ ЗА СУБВЕНЦИЈА ЗА КОМБИНИРАНИ ТУРИ И КРУЖНИ ТУРИ ВО РЕГИОНОТ**

БР. ______

1.Име и седиште на агенција

____________________________________________

2. Вид на превозно средство кое се користи за доаѓање во Р. Македонија

____________________________________________

3. Место на почеток / завршување на кружната тура

____________________________________________

4. Датум на почеток / завршување на турата

____________________________________________

5. Име и седиште на сместувачките објекти во кои престојувале туристите во текот на кружните тури

а) ____________________________________________
б) ____________________________________________
в) ____________________________________________
г) ____________________________________________
д) ____________________________________________
ѓ) ____________________________________________

6. Вкупно траење на турата (број на ноќевања со доручек)

____________________________________________

7. Име и седиште на автобускиот превозник

____________________________________________

8. Име и седиште на авионскиот превозник

____________________________________________

9. Износ на бараната субвенција

број на остварени патници __________________ x __________ ден =

____________________________ ден

10. Име и седиште на банката и број на сметка на агенцијата

______________________________________________

______________________________________________

____________________ ____________________

МЕСТО И ДАТА НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО

ПЕЧАТ И ПОТПИС НА БАРАТЕЛОТ